Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 154/0306
26.07 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28.06.2023 година, врз основа на примена жалба од Здружение за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР Центар“ ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

**„А1ОН.мк“ во објавата „Парада на гордоста на 24 јуни во Скопје“ не го прекрши Кодексот на новинарите на Македонија, но го прекрши членот 20 од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 4 јуни 2023 година, „КВИР ЦЕНТАР“ поднесе жалба за објавата „Парада на гордоста на 24 јуни во Скопје“, објавена на 4 јуни 2023 година, на интернет порталот А1ОН.мк, (www.A1on.mk).

Во жалбата се наведува дека со објавувањето на оспорената содржина, во коментарите на Фејсбук страницата на интернет порталот има елементи на говор на омраза и дискриминација.

Исто така, жалителот потенцира дека со коментарите со навредлива и дискриминаторска содржина, недозволиво е медиумите да дозволат да бидат злоупотребени и да послужат како средство за ширење омраза и дискриминација врз основа на сексуална ориентација, како и да дозволат упатување повици за обединување на поединци и групи за радикално однесување и постапки кои го загрозуваат јавниот ред и мир во општеството.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со А1ОН.мк и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е ОСНОВАНА и со мнозинство гласови одлучи дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија, но има прекршување на дополнителните насоки за известувањето на онлајн медиумите.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата на 28 јуни 2023 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина. Мнозинството членови на Комисијата сметаа дека нема ништо спорно во објавата на интернет порталот.

Што се однесува до коментарите на социјалните медиуми тие навистина содржат дискриминаторски говор и говор на омраза и затоа сметаме дека е прекршен член 20 од Насоките за етичко известување во онлајн медиумите. Според овој член онлајн медиумот ќе ги отстрани сите коментари кои содржат: повикување на насилство или други кривични дела,

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

говор на омраза, дискриминација, закани и други облици на загрозување на правата и безбедноста на поединци, групи, институции, без оглед дали се директно или индиректно поврзани со текстот или темата што се обработува во него. Онлајн медиумот ќе дефинира правила за уредување на коментарите на читателите во просторот за слободно коментирање под објавените текстови и содржини. Тие правила ќе бидат објавени на платформите на кои содржината се објавува и ќе содржат: информации за регистрирањето на коментарите, почитувањето на правилата на коментирање, недозволени содржини во коментарите, причина за отстранување на коментарите и др.

Онлајн медиумот е одговорен и за содржините на коментарите поставени кон новинарските содржини на медиумот објавени на неговиот профил на социјалните мрежи.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска и Ердем Ахмет.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595